Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## TOSHIBA G450



Toshiba G450 е ултралесен 3G уред, кај кого работите функционираат малку поинаку. Тежи само 57 грама, односно околу половина од тежината на просечен мобилен телефон. Со димензии од 98 x 36 x 16 мм значително е пократок, а за околу една третина е потесен од конвенционалниот мобилен уред. Наместо тастатура, Toshiba G450 има две кружни мултифункционални копчиња. Најголемиот компромис е направен кај дисплејот - 0,8-инчен, со резолуција од 96 x 36 пиксели, сигурно нема да ви користи многу, но ќе биде сосема доволно за основните операции и мултимедијалниот плеер. Toshiba G450 поддржува HSDPA со брзина до 3,6 Mbps, а поддржува и UMTS, EDGE и GPRS трансфер на податоци. Кога ќе се поврзе со компјутер, G450 се појавува како екстерен мемориски стик, па MP3 песните и останатите податоци лесно можат да се префрлат во уредот.



## ONYX LISCIO



Onyx Liscio е ултракомпактен и лесен уред, кој е дизајниран специјално со намена како втор телефон. За да се постигнат малите димензии направени се неколку компромиси - како за почеток, OLED дисплејот има големина од само 1 инч и резолуција од 96 x 96 пиксели, а на задната страна нема камера. Liscio има MR3 плеер, FM радио, Bluetooth, 128 MB внатрешна меморија и слот за microSD мемориска картичка, USB 2,0 конективност, стерео слушалки и поддршка за стерео Bluetooth. Ова е уред со прекрасен изглед - мазната и светкава надворешност, заедно со големите мултимедиа копчиња, создаваат впечаток повеќе како уредот да е мултимедијален плеер, отколку дека е мобилен телефон.


